Врз основа на чл. 5, 20 и 76 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл. весник на РМ бр.31/98), Собранието на Здружението за здравствена едукација и екологија 8-КА Скопје на своето основачко собрание одржано на ден 20.01.2009 год. го донесе следниот:

# С Т А Т У Т

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**чл. 1**

Здружението за здравствена едукација и екологија 8-КА  Скопје,  е здружение на граѓани во кое се здружуваат и членуваат граѓани заради задоволување и остварување на лични и заеднички интереси и вршење на дејности и активности кои произлегуваат од чувството и потребата  заздравствена едукација.  Здружението 8-КА   е доброволно, самостојно, независно, невладино и вонпартиско здружение на граѓани.

**чл. 2**

Називот на здружението гласи:  Здружение за здравствена едукација и екологија 8-КА, Скопје

Седиштето на здружението 8-КА   ( во понатамошниот текст само задружение) е во Скопје, на ул. Милан Марковиќ бр.2/1..

**чл. 3**

Здружението има својство на правно лице и својата дејност ја регистрира при Централниот регистар  во Скопје, согласно со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

**чл. 4**

Здружението има печат во тркалезна форма на кој стои текстот: Здружение за здравствена едукација и екологија 8-КА Скопје.

Здружението има и штембил во правоаголна форма со текст: Здружение за здравствена едукација и екологија 8-КА. На штембилот е втиснато место за број и датум како и текстот Скопје.

**чл. 5**

Работата на здружението е јавна.

Јавноста се остварува преку работа на органите на здружението со издавање на соопштенија.

За информирањето на членовите и пошироката јавност се користи електронско известување (веб сајт, ) печатот, радиото и телевизијата и може да издава и билтен, списанија и други облици на информативни средства.

# ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**чл. 6**

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на РМ, законските одредби и Статутот на здружението.

Целите и задачите на здружението се:

- Едукација на населението за вредностите на храната како основен фактор во одржување, заштита и обнова на здравјето
- ќе се залага за воведување здрава и квалитетна исхрана во училиштата, и предучилишните установи, како и за едукација на најмладите за тоа која е здрава храна и здрав начин на исхрана.
- ќе се залага за високи етички и хумани методи и принципи во областа на едукацијата во спортот како една од најважните фактори за здрав и правилен развиток на децата пред се

- едукација на аматерите и спортските професионалци за правилен и здрав начин на исхрана како еден од најважните фактори за постигање на врвни спортски резултати.

- Ќе се залага за воведување на минимална спортска активност во работните организации и специфичните 9седечки дејности) кои со својата неактивност придонесуваат за нарушување на здравјето на луѓето.

- Ќе обезбедува и ќе пласира витално важни и издржани информации за луѓето од областа на здравјето и исхраната како и зачувување и обнова на истото.

- Поттикнување и поддршка на производството на органска храна.

- Поттикнување и поддршка на производството на здрава храна

- Ќе се бори против загадување на животната средина и со тоа Ќе ја унапредува борбата за заштита на здравјето на луѓето

- Ќе го штити со сите демократски средства правото на секој човек на здрава и чиста животна средина

- Ќе секогаш ќе го штити правото на жената да создава здраво потомство како и правото на жената да се грижи за своите деца, да ги воспитува и насочува кон здрава иднина.

- .

ЧЛЕНСТВО:

**чл. 7**

Членувањето во здружението е доброволно.

За приемот одлучува Извршниот орган.

Зачленувањето се регулира со потпишување на пристапница.

Здружението за своите членови води регистар на членство.

Секој член може доброволно да истапи.

Членството може да престане по сопствена желба, со несогласување со целите и задачите зацртани во овој Статут и со неактивност.

Член во здружението може да биде и странски државјанин согласно со законот на РМ.

**чл. 8**

Почесни членови можат да бидат три граѓани државјани на РМ и странски државјани кои посебно придонесуваат во реализацијата на целите на здружението.

Одлуката за назначување на почесен член донесува Извршниот одбор на здружението.

**чл. 9**

Правата на членовите се:

1. Слободно и рамноправно да учествуваат во работата на здружението и на неговите органи како и да бираат и да бидат избрани во сите негови органи и тела.

2. Да покренуваат и изнесуваат прашања за работтата на здружението и предлагаат начини за нивното разрешување.

3. Да бидат известувани за работатат на здружението и неговите органи.

Должности на членовите се:

1. Да се залагаат за реализација на програмските и статутарните цели и задачи на здружението.

2. Редовно да ги исполнуваат сите обврски кон здружението реализирајќи ги поставените задачи

3. Да го чуваат угледот и достоинството на здружението.

**чл. 10**

Членството  на здружението престануваат со:

1. доброволно истапување

2. исклучување

3. престанок на постоење на здружението

**чл. 11**

Членот може да биде исклучен со Одлука на Извршен орган, доколку работи спротивно на програмата и статутарните одредби на здружението.

# ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**чл. 12**

Органи на здружението се: Собрание, Извршен одбор и Надзорен одбор.

**чл. 13**

# СОБРАНИЕ

Највисок орган на здружението е Собранието

Собранието го сочинуваат членовите на здружението.

По формирањето на ограноци на здружението огранокот избира свој претставник во Собранието на здружението со мандат од една година и со можност за повторно избирање.

**чл. 14**

Собранието на здружението:

1. донесува Статут, Програма, и други акти
2. врши измени и дополнувања на Статутот и програмата на здружението
3. избира Предсдател на Собранието

4. избира и разрешува членови на извршниот орган

5. усвојува годишен извештај насоки и план за работа

6. усвојува завршна сметка и финансиски план

7. одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението.

8. Одлучува за здружување или за разделување од друго здружение и зачленување во сојузи и меѓународни организации

9. Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето врз основа на предлогот на извршниот орган.

10. По потреба формира комисија и други тела на Собранието и го утврдтва нивниот делокруг.

11. Одлучува за престанок на здружението.

Собранието одлучува со мнозинство глсасови од присутните.

**чл.15**

Собранието дсе свикува најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието се свикува по предлог на Извршниот одбор или по предлог на една петина од бројот на членовите на Собранието.

Седниците на Собранието ги подготвува ги свикува и со него раководи претседателот на Собранието.

Дневниот ред на Собранието и деловникот за работа го предлага Извршниот орган.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на даденото писмено барање не свика седница на Собранието ја свикува извршниот орган или иницијаторите.

**чл. 16**

**ИЗВРШЕН ОДБОР**

Извршниот одбор кој управува со работењето на здружението се состои од претседател и два члена.Претседателот на Извршниот одбор се избира во период од четири години со можност за повторно избирање.

**чл. 17**

Извршниот одбор ги врши следните работи:

1. ги подготвува седниците на собранието

2. го подготвува нацртот на статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието.

3. Подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа.

4. Одлучува за прием на нови членови врз основа на доброволно пристапување.

5. Врши други работи

6. Одлучува во полн состав со мнозинство на гласови.

**чл. 18**

Претседателот на извршниот одбор ги врши следните работи:

1. Се грижи за реализацијата на програмата на Собранието, како и на заклучоците ставовите и другоите документи што ги донесува Собранието и Извршниот орган.

2. Предлага свикување на седница на Собранието и Извршниот одбор

3. Ги потпишува одлуките решенијата и заклучоците на органите на здружението

4. Ги потпишува сите материјално-финансиски документи

5. Овластен е да организира средби со донатори на здружението да одржува контакти со јавноста и

6. За своето работење одговара пред Собранието и членовите на Извршниот одбор..

**чл. 19**

**НАДЗОРНА ОДБОР**

Надзорниот одбор ги врши следните работи:

1. Го контролира спроведувањето на законитоста во работењето на здружението.
2. Го контролира и анализира остварувањето на финансиските планови
3. Го контролира наменското располагање со средствата и приходите
4. Предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работењето.

**чл. 20**

Надзорен орган се состои од председател и два члена.

Мандатот на членовите на Надзорната комисија и председателот е четири години.

**чл. 21**

Претседателот на здружението го представува и застапува во правниот промет во земјата и странство

Мандатот на председателот е четири години со можност за повторен избор.

Претседателот на здружението се избира од редовите на членовите на Собранието.

Претседателот има право да овласти друго лице во случај на отсуство да ги застапува интересите на здружението.

## НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

**чл. 22**

Средствата за работата на здружението се стекнуваат со:

1. разни донации
2. трговски друштва
3. доброволни прилози, подароци, спонзорства и сл.
4. буџет на Републиката, буџет на град Скопје, и буџет на единиците на локалната самоуправа врз основа на предходно изготвени програми.

**чл. 23**

Користењето и располагањето со средства на здружението добиени по основите од предходниот член се врши на начин утврден со овој Статут.

Одлуките за распоредување и располагање на финансиските средства донесуваат органите на здружението согласно надлежностите утврдени со овој статут.

Здружението донесува годишен инансиски план за приходите и расходите на здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по предходниот член од Статутот како и расходите сврзани со работата.

**чл. 24**

Зарадуи извршување стручни административни и други работи здружението основа стручна служба.

Извршниот орган донесува општи акти со кои се одредува организацијата и работењето на службата како и одлуки сврзани за правата и обврските од работен однос во согласност со законските норми и овој Статут.

**чл. 25**

За остверување на статутарните цели и задачи и за обезбедување на средства за финансирање на одредени активности здружението може да основа акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност.

Добивката што би се остварувала од работтата на овие друштва служи за финансирање на активностите на здружението.

# ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**чл. 26**

Одлуката за престанок на работата на здружението ја донесува Собранието на здружението и тоа со 2/3 мнозинство. Здружението престанува со работа ако:

1. бројот на членовите на здружението се намали под бројот определен за основање на здружение на граѓани

2. и во други случаи предвидени со закон

Во случај на престанок на работа на Здружението претседателот го известува Централниот регистар во Скопје.

Во случај на престанок на работењето на здружението по намирувањето на обврските спрема доверителите и трошоците целокупниот имот на здружението заедно со финансиските средства ќе им биде отстапен на Домот за деца без родители.

**чл. 27**

Овој Статут е усвоен од Собранието на здружението на ден 20.01.2009 год. во Скопје, кој влегува во сила со денот на регистрирањето.

Скопје 20.01.2009 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ:

Д-р Јадранка Бибан

Спец. гинеколог - акушер